**20250370874**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 23 став 5 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), министерот за образование и наука донесе

## КАЛЕНДАР ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА КАЛЕНДАРОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА ВО ЈАВНИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА

Член 1

Во Календарот за организација на учебната 2024/2025 година во јавните средни училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 164/24 и 182/24), во член 6 став 1 алинеите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, турски јазик и литература, односно српски јазик и литература на 31 мај 2025 година, со почеток во 10 часот;

- англиски јазик, француски јазик, германски јазик, руски јазик, италијански јазик, односно математика на 11 јуни 2025 година, со почеток во 10 часот.“

Во ставот 2 алинеите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, турски јазик и литература, односно српски јазик и литература на 12 август 2025 година, со почеток во 10 часот;

- англиски јазик, француски јазик, германски јазик, руски јазик, италијански јазик, односно математика на 14 август 2025 година, со почеток во 10 часот.“

Во ставот 3 алинеите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, турски јазик и литература, односно српски јазик и литература на 31 мај 2025 година, со почеток во 10 часот;

- англиски јазик, француски јазик, германски јазик, руски јазик, италијански јазик, филозофија, односно естетика на 11 јуни 2025 година, со почеток во 10 часот.“

Во ставот 4 алинеите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, турски јазик и литература, односно српски јазик и литература на 12 август 2025 година, со почеток во 10 часот;

- англиски јазик, француски јазик, германски јазик, руски јазик, италијански јазик, филозофија, односно естетика на 14 август 2025 година, со почеток во 10 часот.“

Член 2

Овој календар влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13-3081/1
14 февруари 2025 година
Скопје

Министерка за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска,** с.р.